1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 **27** 28 29 30 СЕПТЕМВРИ



# БЕЛА НОЌ

...Белата ноќ представува несекојдневна вечер кога организирано ги славиме културата и уметноста низ улиците на нашиот град и во културните установи на Скопје. Вечерва ги прославуваме вистинските естетски и креативни потенцијали и вредности, вечерва имаме голема и возвишена цел-збогатување на духовните потреби, но и обид за создавање на нова армија на љубители на културата...

Градоначалник на град Скопје
Трифун Костовски

СКО2008
септемвриска културна обнова



СОДРЖИНА


МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ .................. 4

ПЛАТО - МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР
ДРАМСКИ ТЕАТАР
УНИВЕРЗАЛНА САЛА
МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ .................. 5

СУЛИ АН
КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ЦК
МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР .................. 6

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - КАРПОШ .................. 7

ДОМ НА КУЛТУРА - КОЧО РАЦИН
БИБЛИОТЕКА БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА - МАЛА СТАНИЦА .................. 8

КАФЕ КНИЖАРНИЦА МАГОР
ЗООЛОШКА ГРАДИНА
ГРАДСКИ ПАРК - ШКОЛКА
ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА .................. 9



# МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

## 20.15 СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ

настап на сопранот Ирена Кавкалевска

## 20.30 КОНЦЕРТ

ЈЕТА СТАРОВА - МЕХМЕТИ - (1983 г.), флејта, завршила основно образование на парискиот конзерваториум Франсис Поуланк, во класата на проф Стефан Лимонерт каде што се здобива со диплома. Образованието го продолжила во МБУЦ "Илија Николовски Луј" во класата на проф. Бети Станковска каде што матурира. Во текот на школувањето се здобила со низа награди во земјата и странство. Во моментот е студент на Високата национална школа Алгред Корто во класата на светски познатиот флејтист Пие-Ив Арто.

ВЕРИЦА ШОТАРОВСКА (1983г.), пијано, нижо и средно образование завршила во МБУЦ "Илија Николовски-Луј" во класата на проф. Мрмевска, сега студент на втора година на Факултетот за музичка уметност Скопје во класата на проф. Јасминка Чакар. Уште од најрана возраст присутна е на музичката сцена настапувајќи на голем број концерти во Македонија и во странство, а добитник е и на значајни награди.



## 20.30 ИЗЛОЖБА

Крупен план - Ангелина Атлагиќ, Србија
организатор Музеј позоришне уметности Србије

Изложба на атрактивни принтови во колор од најновиот период (последните години од нејзината меѓународна активност) на сценографијата и креации на неколку театарски костими. Изложбата ќе биде проследена со видео материјал од неколку претстави меѓу кои и "Диво Месо" од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски.



## 21.00 ИЗЛОЖБА

Arboreusi 2008 - автор Еуген Борковски, Хрватска

Инсталација составена од три циклуси на објекти во простор и на десетина принтови од фотографии на зидна површина, дел од проектот ARBOREUSI 2008. Изложбата ке биде проследена со видео перформанс на Жак Валент.

## 21.30 ОТВОРЕНО ГРАФИЧКО СТУДИО

"Светот во еден куфер" - видео проекција
"Метаморфоза" - перформанс

Проекцијата која ќе оди на ѕид е најава на перформансот "Метаморфозис". Проекцијата се состои од снимен и монтиран материјал на уметничките перформанси кои Лусиела Карета ги има правено во Мексико,

## МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Канада, Италија, Јужноафричка Република и.т.н. според истонимената книга “Светот во еден куфер” од “Атељето на номадот 2“. Перформансот “Метаморфозис” на Лусиела Карета претставува уметнички урбан ритуален обред кој се надоврзува на серијалот на перформанси кои авторот ги изведува во различни средини според емотивните инспирации кои ги добива од средината како начин на говор и уметнички дијалог со публиката.

## ПЛАТО МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

21.00 ВИДЕО ПРОЕКЦИЈА
Точки на покој - Ана Васева, Бугарија

“Точки на покој” е видео кое ги истражува точките на спокојство на телото во турбулентната средина на продукција.

Без Наслов - Суела Ќошја, Албанија

Видеото трае околу 12 минути. Изработено е во резиденцијата Тика во Тирана 2007 година. Станува збор за интервју меѓу луѓе од различна националност. Ова интервју не е класично, го нема традиционалното поставување прашања пред камера. Преку овој разговор се обидувам да ве соочам колку различните луѓе зависат од нивната социјална позадина, и секако културната и политичката историја. Оваа ситуација понекогаш предизвикува смеа кај луѓето, преку комични чувства да го доживеат интервјуто.

## ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР

20.00 АРГЕНТИНСКИ ТАНЦ
Танго Банда

ТАНГО БАНДА е неформална група љубители на аргентинско танго. Без прекини, членовите на Танго Банда се собираат на практика минимум еднаш седмично од Октомври 2006 година. Покрај редовните практики, Бандата еднаш месечно организира и танго игранки-милонги.

00.00 ПОЛНОЌНА МОДНА РЕВИЈА



## МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

20.00 ВИДЕО ПРОЕКЦИЈА
НВО Нова Линија,
куратор Даворка Вучиќ - Шнепергер, Хрватска

## ДРАМСКИ ТЕАТАР




20.00 ПЕРФОРМАНС
“Жената како желба“, Ташана Ѓорѓевиќ, Србија

Перформансот е базиран на филмски класики и авторката се обидува на сцената да пронајде јазик помеѓу театарот и филмот. Во перформансот се претставени оригиналните актерки од филмовите: Лолита, 8 ½ , Кабаре, Кој се плаши од Вирџинија Вулф?, Зимски светла, Нина Андрејевна од Чеховиот “Галеб“. Ова е приказна на самата авторка за жената како актерка. За тоа како таа гледа на жената како уметник. Жената како желба! Желба на маж? Нејзина желба? Општествена желба? Или. . . нечија желба?

## УНИВЕРЗАЛНА САЛА

20.00 ПЕРФОРМАНС
“И жената знае да вози“ -
автор Александра Ангеловска

Endless Dance Company е модерна и напредна балетска група во Република Македонија. Групата е раководена од диригентската палка на уметничките директори Александра Ангеловска и Ирена Лозинска. Работи на балетски претстави и истите ги изведува на националните театри во Скопје, како и надвор од него со цел претставување на нивните нови дела. Балетската група е основана во 2007 од страна на Александра Ангеловска и Ирена Лозинска, кои континуирано прават напори со цел да ја развијат групата и да ги постигнат нивните нови идеи преку инзворедни изведби полни со енергија и страст.



## СУЛИ АН

21.30 ВЕЧЕР НА СЛЕМ ПОЕЗИЈА
Џабир Дерала

## КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ЦК

20.30 ИЗЛОЖБА
Предградија, Стефани Буш, Германија

Видео материјал направен од 7000 дигитални фотографии, кои се снимени за време на патувањето низ Западен Балкан во 2007 година. Принтови на свила, сместени во 4 осветлени кутии, 10 принтови на платно, кои се оздади осветлени, колаж од црно-бели фотографии.

## МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР




23.30 ИЗЛОЖБА
Разгледници од Швајцарија - автор Горан Чуруковски

Изложба на Горан Чуруковски создадена од многуте поштенски разгледници кој Чируковски ги собира од различните места на Швајцарија на кој јасно и искрено во една лирична адмосфера се покажуваат сите убавини на Швајцарија. Идејата на самата изложба на авторот е да се посочи на сличноста помеѓу Швајцарија и Македонија, истовремено сакајќи да го доближи културните наследства на овие две земји поблиску.

00.00 ИЗЛОЖБА
Венеција виа МКЦ - куратор Соња Абаџиева

Оваа изложба го поврзува времето на почетоците на Младинскиот културен центар, кој со голема интуиција кон идните столбови на македонската ликовна уметност, времето на нивното стапување на светската сцена во Венеција и времето на нивниот статус на македонска ликовна авангарда: нивната денешна зрелост кон парадигмите за новите генерации. Бездруго, оваа заслуга МКЦ ја споделува со најзначајните музеи и галерии во Република Македонија, но првите поттици и сегашната иницијатива се неговата фактичка заслуга.
Проектот Венеција виа МКЦ претставува селекција на дел од актуелното творештво на уметниците Томе Аџиевски, Жанета Вангели, Искра Димитрова, Ѓорѓе Јовановиќ, Антони Мазневски, Благоја Маневски, Петре Николовски, Анета Светиева, Глигор Стефанов, Никола Узунов, Вана Урошевиќ и Јован Шумковски. Таа е мост меѓу нивните самостојни или групни настапи промовирани во МКЦ и Венеција-местото каде што тие достигнуваат високи дострели во кариерата.

## КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР

22.00 ПЕРФОРМАНС
Praesentiae - Ана Васева, Бугарија (Салон 19.19)

“Praesentiae” истражува други патишта, надворешни тела кои постојат во човековото тело. Изведбата вклучува видео проекција која го полни просторот со уште поголемо присуство на духови. Ова е истражување што поминува низ телото и една слика- искуство на телото како контејнер на постоењето на други луѓе кои излегуваат на површината.
Изведувачи: Маргарита Петвова, Милена Станојевиќ, Миа Момчилова, Стела Крустева
Видео: Ана Васева, Валерија Чао, Иван Икономов, Миа Момчилова



20.00 ИЗЛОЖБА
Мојот приватен HOT LINE,
автор Стојан Ѓуриќ, Србија

*Мојот приватен хот лајн* спаѓа во втората, анти-тетична група наслови. Тој проникнува не (само) во приватната, туку во сеопштата, естетска и еротска драма на современиот човек. Тој ја отсликува неговата најдлабока либидинална тегоба. Овој наслов повеќе е предупредување за нашата недоволна искреност и свесност во однос на суштинските (љубовно - еротски) елементи, од кои сме изградени, а кои во епохата на растечка акцелерација се посурово ги оттурнуваме настрана. Според неговата тематска и идеолошка жестокост, ова сликарство го доживуваме повеќе како апел за продлабочено еротско превреднување на суштинските параметри на нашиот систем – одошто како (воајерска) порака до нашиот секојпат настрвен, површно-конзументски насочен еротизам.



20.00 ИЗЛОЖБА
Асад се враќа дома, Ника Аутор, Словенија

7 цртежи, микс медиа, документација (мапи, полароид фотографии, текс) и видео: “Како те определуваат географската должина и ширина?“. Проектот “Асад“ е започнат во 2007. Целта на проектот е да се прикаже апсурдноста на режимот на Европската Унија, со кој таа влијае на доселениците и притоа го заробува достоинството на мажите и жените одделно,

нивната индивидуалност и човечност. Најпрво тие се дехуманизирани од страна на политиката, потоа од медиумите и јавното мислење затоа што на нив често им се препишува изразот “општествени деликвенти“. Низ оваа инсталација направен е обид да се постават прашања на начин од кој што може лесно да произлезе однесување без толеранција и расизам, а истовремено се отвара простор за поширока рефлексија на маргинализираните групи и индивидуи воопшто, а не само на мигрантите како што е тука случај. Ова дело е реакција на односот со нееднаквоста, на нееднаквата распределба на силата која низ историјата се создава од доминација на односи на силата како на национално така и на глобално ниво.

## 22.00 ПЕРФОРМАНС
## Пегла - Петер Добрила, Словенија

Пегла е интерактивен мултимедијален компјутерски перформанс кој ни овозможува да создаваме музика додека пегламе. Пеглата го заменува компјутерскиот маус, а даската за пеглање маус падот. Со идејата за вакво пеглање овој уметнички проект ги стимулира мажите на еманципација. Пегла ја врака општественоста и среќата во пеглањето.

## 23.30 КОНЦЕРТ
## Проект Жлуст

Проект Жлуст е група од млади музичари кои од 1998 година работат заедно создавајќи специфичен музички јазик кој е исклучително богат и разновиден . Членовите на Жлуст доаѓаат од различни етнички и национални средини, нивната музика произлегува од индивидуалните културни и музички карактеристики, спојувајќи повеќе сосема независни стилови кои интегрално се спојуваат. Во музиката на Проект Жлуст се слушаат тоновите на циганските венчавки, класичната уметничка музика , џезот , современата музика и сите тие стилови се претворени во еден уникатен и функционален израз кој комбиниран со исклучителните таленти на секој од музичарите и неконвенционалниот избор на инструменти го прави Проект Жлуст еден од најинвентивните музички состави во Македонија .

## 19.00 ИЗЛОЖБА
## Фотографии - Марек Лабно, Катовице, Полска

Марек Лабно е уметнички фотограф од Катовице – Полска. Фотографирањето е негова животна определба, со својот фотоапарат овековечил прекрасни места, впечатливи лица и интересни настани. Во 90-те на минатиот век како директор на Центарот за култура во Катовице организирал манифестација“ Денови на македонската култура“ а остварил и повеќе соработки со македонските институции од областа на културата меѓу кои и соработка со Музејот на град Скопје притоа покажувајќи нескриени симпатии кон Македонија и Балканот. Во моментот работи како директор на Галеријата во Катовице – Полска.

## изложба на најуспешните маски од Априлијада 2008

## 19.15 КОНЦЕРТ
## Народен оркестар на ДКЦ Карпош

## 19.30 КОНЦЕРТ
## Златно Славејче

## 19.45 КОНЦЕРТ
## Фолклорно студио на ДКЦ Карпош

## 20.00 КОНЦЕРТ
## Ритмички танци од ОУ “Кирил и Методиј“ - Љубанци

# ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - КАРПОШ



## ДОМ НА КУЛТУРА КОЧО РАЦИН

**21.00 ИЗЛОЖБА**
Игор Велков

Делата вклучуваат парчиња применета уметност: уметнички ламби, скулптури и детали за ентериер, изработени во дрво (орев, даб и африканско махагони). Фотографиите дадени во прилог се само мал дел од севкупното творештво, дадени за илустрација.

**21.30 БАЛЕТСКИ ПЕРФОРМАНС**
Група Ребис

**22.00 КОНЦЕРТ**
Funky Punks

## БИБЛИОТЕКА “БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“



**19.00 СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ**
оддел за Белетристика
оддел за Научна литература

**19.30 ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**
Александар Македонски во науката и во света на потомците, автор Светлана Христова Јоциќ

**20.15 КОНЦЕРТ**
Квинтесенца

**20.30 ИЗЛОЖБА**
“Акција за вентилација“, автор Кирил Шентевски

**20.30 ИЗЛОЖБА**
Стикер Арт, Марко Ефремов

## НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА МАЛА СТАНИЦА

**20.30 ИЗЛОЖБА**
Кутии, уметничка група Каммен

Уметничката група КАММЕН (Кајинич Анто, Мирко Марич, Един Нуманкадич) има дадено значаен придонес во современата ликовна сцена на босанската ликовна уметност во осумдесетите години. Денеска членовите на оваа група се познати и етаблирани уметници со сопствен и специфичен идентитет. Изложбата се состои од објекти (кутии), слики и фотографии создадено во периодот од 1996 до 2006.

## КАФЕ КНИЖАРНИЦА МАГОР

23.30 ХАИКУ ПОЕЗИЈА
23.30 КОНЦЕРТ
Игор Станоевски, блуз бенд

## ЗООЛОШКА ГРАДИНА




влез слободен во текот на целиот ден
18.00 ПЕРФОРМАНС
Л.С.Д. 9с. теза бр. 000, автор Франк Фонтен, Унгарија/Франција

Сид со испишана реченица: anti-unreason has nothing to do with reason (обоени букви) и свежо овошје (згмечено на сидот и сцената).

## ГРАДСКИ ПАРК - ШКОЛКА

промовирано од Вавилон Порта
14.00 ИЗЛОЖБА
Креативни работилници, графити, накит, стрип, фотографии, жонглирање, видео проекции

20.00 КОНЦЕРТ

Lion Jr.
Big Six
Уличен Брум
Tail stripped
Беда Експрес
Инфаркт
Malfunction
Devious Iris
Better Decision
Furion
Обединети во омраза
Dedicated for Life
Miki I (MJM)
PHC (MJM + D2)
Nemesis (intergalactic travelers)

## ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА

17.00 ПРОДАЖНА ИЗЛОЖБА
уметнички ракотворби - Деница
17.00 УЛИЧЕН БАСКЕТ
Натпревар во баскет на средните училишта од град Скопје

## ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА

21.30 ПЕРФОРМАНС
Византиски кадилак
современа класична електронска музика

Нашите изведби во живо се состојат од видео проекција, вокал во живо, синтизајзери и теремин со електронски плејбек. Понекогаш имаме гостин музичар, Петер Т. Добрила, кој свири на втор теремин во живо. Оригинална визуелна арт проекција од словенечкиот артист Ана Печар.
Изведувачи: Камерон Борбо, Ана Печар, Словенија
музичка придружба: Петер Т. Добрила, Словенија

22.30 СПЕКТАКЛ
Да, и водата гори!!! - Фламен, Германија

50 минутен спекатакал на отворено со 8 актери.
Спектакал за водата и оганот, и начинот како да се зближат овие две спротивни сили...
На долната платформа, подземен свет на вода населен со чудни водени суштества. Амбиент на водопади,фонтани од оган, пареа и мраз.
На горната платформа, футуристичка лабораторија каде што научниците ги оперираат компјутерски контролираните апарати и спроведуваат бизарни експерименти.
Неверојатниот психолошки ефект на спектакалот врз публиката гарантира доживување кое нема да се заборави...

23.15 СПЕКТАКЛ
Да, и небото гори!!! - Мирновец





ОРГАНИЗАТОР
МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

ПРОЕКТ МЕНАЏЕР
ТАЊА БАЛАЌ

ДИРЕКТОР
БОРИС МОМИРОСКИ

КОНСУЛТАНТ НА ПРОГРАМА
НАДА ПЕШЕВА

ПРОГРАМСКИ СЕЛЕКТОР
РОБЕРТ АЛАЃОЗОВСКИ

РЕЖИЈА
БОЈАН ТРИФУНОВСКИ

КО-ОРГАНИЗАТОРИ

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
директор ЈОВАН ШУРБАНОВСКИ
КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
директор ЗЛАТКО СТЕВКОВСКИ
УНИВЕРЗАЛНА САЛА
директор ДУШКО ПОПОВСКИ
НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА РМ МУЛТИМЕДИЈАЛЕН
ЦЕНТАР МАЛА СТАНИЦА
директор МАЈА КРСТЕВСКА
ЗООЛОШКА ГРАДИНА
директор АНАСТАС ПЕТРОВ
ДОМ НА КУЛТУРА - КОЧО РАЦИН
директор ПЕТАР ГИЧАРОВСКИ
БИБЛИОТЕКА “БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
директор ФИЛИП ПЕТРОВСКИ
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - КАРПОШ
директор БОГДАН АНДРИЈЕВСКИ
МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ НА РМ
директор ЕЛИЗАБЕТА ШУЛЕВСКА
ДРАМСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ
директор БРАНКО ЃОРЧЕВ
КАФЕ КНИЖАРНИЦА МАГОР
директор МАЈА ЛАЗАРЕВСКА
КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ЦК
РУСЕ АРСОВ

благодарност до:

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
А.Д. СКОПЈЕ

GRADSKO TELEVIZISKO STUDIO
Rock & Roll

Паркови и зеленило

akzent media
billboard

МПМ
Медиа Принт Македонија

netcetera
PRISTOP
Kliping

SKY NET

МРТ

city radio

LIFE RADIO 89.1

Дневник

Вест

Весник

ГРАД СКОПЈЕ

МЛАДИНСКИ
КУЛТУРЕН
ЦЕНТАР

YOUTH
CULTURAL
CENTER



кеј Димитар Влахов 6б
1000 Скопје, Р. Македонија
тел/факс: ++389 2 3115 225

**www.mkc.com.mk**
**info@mkc.com.mk**

септември 2008